**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јуни 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам активирајте ги картичките да го видиме бројот на присутните во салата.

Ве молам на знак притиснете едно од копчињата за гласање.

Во салата се присутни 63 пратеници, што значи дека се исполнети условите да можеме да работиме.

Дами и господа, бидејќи се исполнети условите за работа на Собранието и полноправно одлучување, предлагам да го усвоиме предложениот дневен ред кој Ви е поделен и го имате пред Вас.

Дали има предлог за измена и дополнување?

Има збор г. Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа министри, почитуван колеги.

Оваа седница ја држиме по подолго време откако не сме се состанале, а имавме крупни настани од последната седница до денеска. Мислам дека е добро Владата што како прва точка ни предлага - Информација за односите и соработката на Република Македонија со НАТО, но јас мислам дека е добро ако целата област на нашата политика во регионот во овој период ја зафатиме и на дневен ред ставиме уште две точки кои би претходеле.

Затоа предлагам како прва точка да биде:

- **Информација на Владата за планот по кој Македонија ќе дејствува во спроведувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите Нации за Косово.**

Мислам дека таа Резолуција има огромно значење со нејзиното донесување престана војната на Косово. Таа Резолуција ја содржи основата на мировниот процес кој треба да се изведе на Косово, но всушност и на регионот, мировен процес кој и дава големи шанси на Република Македонија за стабилност и просперитет, но ако знае како ќе се постави. Ако не биде во состојба или ако нема план, тогаш предностите ќе исчезнат и ќе се соочиме само со предизвиците и со ризиците.

Потоа предлагам Владата да излезе пред Собранието со уште една точка на дневен ред и тоа:

- **Информација за планираните активности на Владата за спроведување на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа.**

Тој документ е потпишан од нашата Влада, тој документ содржи многу важни рамки и насоки како ќе се одвива процесот на изградба на доверба и стабилност во овој регион и оттаму треба да ја видиме нашата шанса што ние можеме, каква улога да одиграме таму и кои предности Македонија ќе ги добие.

Засега патем само се задржуваме на општи изјави дека Македонија ќе прерасне во центар на Југоисточна Европа, но некои настани кои се случуваат во Македонија и од страна на македонското раководство ми создаваат чувство на опасност од многу опасна изолација на земјата, заради тоа што тие немаат основа ниту во Резолуцијата на Советот за безбедност за Косово ниту имаат основа во Пактот за стабилност на Југоисточна Европа.

Затоа мислам дека е потребно овие две информации да се разгледаат, а потоа да се разгледа Информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО пактот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали друг се јавува за збор во врска со дневниот ред?

Има збор г-ѓа Димовска во врска со барањето на пратеникот Стојан Андов.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, факт е дека мора во работата на Владата да има транспарентност, исто така пратениците и македонската јавност да имаат информации за толку значајни теми, како што се Пактот за стабилност и Програмата на Владата за активностите во наредниот период.

Истовремено ја разбирам загриженоста на пратеникот Стојан Андов за состојбата во која се наоѓа нашата држава и импликациите од косовскиот конфликт, една ваква сериозна тема - Информација ќе бара малку време да се подготви и да биде доставена на пратениците така што ние прифаќаме да бидат подготвени информациите, но за наредната седница на Македонскиот Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Драго ми е што Владата ја дели мојата загриженост за овие настани и овие состојби, меѓутоа сакам да укажам дека на Владата ќе и биде многу полесно ако дојде пред јавноста и пред овој Парламент на оваа седница. Ако не е во состојба денес, тогаш може во продолжување на оваа седница утре да расправаме, но, да се уврсти на дневен ред на оваа седница.

Како што гледате, ние малку ги проредивме седниците, а треба дневно реагирање и дневно преземање чекори во рамките на овие два документа кои, Ве молам, не обврзуваат како земја, особено Резолуцијата за Косово на Советот за безбедност има став каде ги задолжува земјите членки на ООН да се однесуваат и да се ангажираат строго во согласност со таа Резолуција.

Сведоци сме оти имаме изнудени настани во Македонија, кои не можат да се објаснат во рамките на таа Резолуција и во рамките на Пактот за стабилност. Затоа е потребно да не почнат овде и во јавноста општи напади и критики и да се создаде една слика за Македонија, дека не е подготвена да ги спроведува овие два документи, туку дајте овде да се договориме да видиме што се намерите на Владата и како таа ќе се однесува.

Затоа мислам дека е добро денеска да влезе на дневен ред, а ако Владата денеска не може да ги даде тие информации, иако Ве молам одговорна Влада би требало да ги има изготвено тие материјали. Може да ги изготви до утре и да расправаме овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете г-ѓа Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Кога се работи за одговорна Влада, да го потсетам г. Андов дека и Либерално демократската партија учествува во коалиционото мнозинство, има свој претставник во Владата, факт е дека Пактот за стабилност не е едноставен документ, кој може веднаш да се направи еден список на активности и овде да ги прочитаме, туку се вклучени повеќе меѓународни субјекти во остварување на Пактот за стабилност и сигурно дека се уште има консултации околу детализацијата на неговата примена, така што Владата сите информации, целата програма кога ќе ја подготви за наредната седница во писмена форма ќе ја достави на пратениците.

Мислам дека овој процес на реконструкција на регионот и на примената на Пактот за стабилност ќе трае подолго време, нема од денеска до утре да се спроведува, не е тоа дневна политика, туку подолгорочна политика и би замолила за разбирање до наредната седница да може секој пратеник да има една по целисходна и по сеопфатна информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Андов има збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може да не е во состојба Владата денеска да поднесе Информација за Пактот за стабилност, иако секоја Влада која е потписник на некој документ при овластувањето на потписникот утврдува и план за негова реализација и што е предноста на Македонија.

Меѓутоа, сакам Ве уверам дека тоа што Либерално демократската партија е во Владата не само што не ја намалува мојата одговорност како пратеник, туку ја зголемува овде да барам Владата да биде по сите стратешки интереси на државата крајно одговорна и целата нејзина активност да биде видлива за македонската јавност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, имаме два предлога, Владата да даде Информација на наредната седница, а г. Андов бара тоа да биде на денешната седница.

Предлогот на г. Андов го ставам на гласање.

Кој е за предлогот од г. Андов на денешната седница Владата да поднесе, Информација или за наредната седница.

Ве молам во рок од 10 сек. да се изјасните дали на денешната седница Владата да даде извештај како што бара г. Андов.

Вкупно се присутни 96 пратеници.

Гласале 79 пратеници, од кои 23 гласале за, 1 воздржан и против 55, што значи дека Владата оваа информација ќе треба да ја достави на наредната седница.

За збор се јави г. Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

За оваа седница доставив едно барање на 14 јуни и сакам малку да го образложам. Имено, се работи за следната работа:

Проблемот со откупот и пласманот на рано градинарските производи е присутен со години наназад и секогаш производителите се оставани сами да го решаваат овој проблем. Тие, скоро секогаш тоа го правеле некогаш по успешно, некогаш со послаби резултати. Оваа година поради познатите состојби во соседна СР Југославија, која до сега беше најголем апсорбент на ова производство, посебно на доматите со некаде околу 70% од производството пласирано, таму се изостри проблемот со пласманот на истите особено во делот од приватниот сектор кој многу тешко доаѓаше во можност да го пласира својот производ.

И покрај заложбите на Владата на Република Македонија и склучувањето на договори со повеќе држави за пласман на овој производ, поради одредени состојби кои понатаму треба добро да се изанализираат, пласманот на доматите се појави како проблем кој треба да се решава под итно.

Имено, заради високите температури дојде до нагло и брзо зреење на овој производ и во услови на ограничени пазари се појави т.н. шпиц од истиот. Такви шпицеви се појавувале и порано во претходните години, но траеле само 2-3 дена, а сега тој шпиц трае повеќе од десетина дена што само по себе подразбира не можност за пласман на производот.

Затоа производителите се приморани или да го дадат производот со одличен квалитет во фабрики за преработка по извонредно ниски цени од 3,5 денари за килограм, што ни оддалеку не ги покриваат трошоците во производството дури ни минималните, а за профит да не зборуваме или се приморани да го остават производот на нивите и да не го собираат, а трошоците за производството се веќе однапред дадени.

Од горе наведените причини пратеничката група на Демократска алтернатива бара од Владата да изготви Информација за откупот и пласманот на овој рано градинарски производ и таквата Информација ја достави на Собранието на Република Македонија, при што треба да бидат земени во предвид следните акутни мерки за решавање на овој проблем.

Под број 1, да се субвенционира откупот на доматите за оние земјоделски производители, кои својот производ ќе го дадат во преработувачките капацитети по цена од 3,5 денари и за својот производ добијат уште толку од државата како субвенција, а средствата кои по тој основ ќе треба да се издвојат од државата, да се прикажат како штети од ситуацијата во соседството, односно како последица од војната во СР Југославија.

Под број 2, сите производители од општините Гевгелија, Миравци, Богданци, Дојран, Валандово и сите населени места кои гравитираат во овие општини да бидат ослободени од плаќање на водниот надомест за 1999 година, при што Владата да обезбеди средства за покривање на трошоците на водостопанските организации од овие подрачја, а сето тоа да се пресмета и прикаже како последица од војната во соседството.

Бараме ваквата Информација да биде изготвена во најкус можен рок и со истата да се дополни дневниот ред на Дваесет и првата седница, затоа што за овој проблем не ќе треба да расправаме на некоја од наредните седници, затоа што тогаш нема да биде присутен.

Јас се согласувам и со следната алтернатива, Владата да ги донесе овие предложени мерки и за тоа само да не извести дури и без расправа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот министер Марјан Горчев.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, барањето на пратеникот Ристо Спанаков беше примено вчера и евидентирано во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Информацијата е изготвена и таа ќе оди на наредната седница на Влада и веднаш ќе биде доставена во писмена форма, врз база на она што Вие го баравте како наш став по тоа прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господинот пратеник е задоволен?

Задоволен е.

За збор се јави господинот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, предлагам на денешнава седница да се уврсти точка на дневен ред под наслов Афирмација и реафирмација на стратешките национални и државни интереси на Република Македонија, на која ќе се отвори парламентарна расправа со учество на Владата на Република Македонија и како резултат на која ќе се утврди јасна и децидна рамка за дејствување и на законодавната и на извршната власт во нашата држава.

Образложение за потребите и целите за овој предлог.

Јасно дефинираните консензуално и општо прифатените и доследно реализираните национални и државни интереси, се основен предуслов за успешна изградба и просперитет на секое општество. Јасно и јавно зацртување на магистралните правци е првенствена задача на секоја одговорна држава и на секоја одговорна власт. Конфузија или спротивставеност на долгорочните цели, давање приоритет на практичните дневни проценки и потези над трајните стратешки определби може да доведе до дезориентираност дестабилизација, па дури и до загрозување на самата држава и тоа на секој план, безбедносен, политички, економски, цивилизациски.

Во изминативе осум години ова Собрание во различен состав низ разни дебати и со донесување на цела серија акти, започнувајќи од Уставот на Република Македонија, на стотици закони, одлуки, декларации, резолуции, даде свој придонес во дефинирањето и остварувањето на долгорочните витални национални и државни интереси на Македонскиот народ, на Македонската држава.

Она што во еден период внесе и оптимизам и сигурност кај нашите граѓани, кај целиот наш народ беше постигнатиот широк политички, партиски, етнички и социјален консензус околу магистралниот курс по кој треба да се движи нашата држава. Тоа создаде чувство и кај нашиот народ и на меѓународен план дека судбината и иднината на Република Македонија е извесна и дека не зависи од тоа која политичка гарнитура во кој период ја носи одговорноста за состојбите во државата.

Кои се во најкратки црти тие стратешки цели околу кои постигнавме или барем мислевме дека сме постигнале единство.

Прво, сочувување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Второ, економски реформи со цел создавање на пазарна економија.

Трето, демократизација и изградба на граѓанско општество и јакнење на правната држава.

Четврто, интегрирање на Република Македонија во Евроатланските култури.

Петто, заштита на нашиот национален и културен идентитет.

Шесто, добрососедски односи со доследно почитување на принципот на немешање на внатрешни работи на други држави и на принципот за не менување на границите по пат на сила. Се разбира ова набројување може да опфати уште многу други, исто така значајни стратешки национални интереси и цели. Јас издвоив само дел од нив да илустрирам за каков консензус и единство говорев пред малку.

Се поставува прашањето зошто, ако е веќе постигнат тој консензус и единство во нашата држава, предлагам ваква расправа и зошто токму во овој момент. Затоа што, мислам дека е веќе дефинитивно јасно дека во овој пост изборен период во Република Македонија се води една политика, која што не само што не ги реализира или брани вака дефинираните национални стратешки интереси и цели, туку во еден голем дел работи директно спротивно, загрозувајќи ги виталните интереси на Македонскиот народ и на Македонската држава.

Ако сме се договориле, а се договоривме, дека наш највисок приоритет се нашите интегрирања во заедничкиот европски дом, обезбедување на наше место во проширувањето на Европската Унија, тогаш таква конкретна политика треба да водиме и тоа секојдневно и во сите сфери на општественото живеење. Тоа значи упорно и макотрпно прифаќање, вградување на норми и стандарди, кои постепено ќе ја вградуваат Македонија, кон она што денес претставува заедничка, европска надворешна, безбедносна економска политика.

За пропаднатиот инвалиден проект Тајван, досега е зборувано повеќе пати. Јас овој пат нема да ги споменувам ниту урнисаните односи со Народна Република Кина, ниту сите случувања што се случија или што допрва ќе се случат во Советот за безбедност, ниту измамите и лагите за милијардите долари, туку ќе се задржам на влијанието на оваа дипломатска и политичка лудост, да не речам глупост врз остварувањето на нашата стратешка цел, нашето интегрирање во Европската Унија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Црвенковски, дајте предлог за дневен ред, а политички говори....

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Давам образложение кон предлогот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Став на твојата партија не може да биде образложение.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Уште од самиот почеток предупредувавме дека Европската Унија води усогласена надворешна политика, дека ниту една европска држава за членка на Унијата и не станува збор, нема воспоставено дипломатски односи со Тајван.

Господине потпретседателе, обезбедете нормална работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас Ви обезбедувам, а вие говорите не за дневниот ред, туку говорите за политички став на твојата партија господине Бранко.

Ставот го знаеме, но дајте го предлогот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас дадов предлог и давам образложение кон предлогот.

Доколку точката дојде на дневен ред ќе ги чуеме и Вашите контра аргументи. (Општо не задоволство од пратениците).

Да повторам, ниту една членка од Европската Унија, ниту пак било која друга европска држава нема воспоставено дипломатски односи со Тајван. Сосема обратно, Кина претставува, стратешки, долгорочен партнер на Европската Унија и таа нема да дозволи на било кој начин да ги загрози своите односи со најголемиот светски економски пазар, а најмалку тоа ќе го дозволи или ќе си го дозволи со интегрирање на Република Македонија во сопствените редови.

Впрочем, тоа не е став на македонската опозиција, тоа овие денови имавме прилика да го слушнеме како став на Европската комисија, став презентиран и во Брисел, став искажан во изјавата на господинот Сантер.

Понатаму, покрај хелихоптерот и инвалидските колички и нашата делегација од Тајванската екскурзија, се врати со идејата за слободна Тајванска зона во Македонија. Проверете колку тоа се вклопува во спогодбата за економска и трговска соработка со Европската Унија, со пристапот од Светската банка и со принципите на Светската трговска организација.

Ќе видите дека таа идеја дополнително ќе ги закопа нашите шанси за интегрирање во Европската Унија. Неодамна се случи еден скандал, кој што заради својата тежина не можеме да го препишеме ниту на не знаењето, ниту на не смасноста на нашиот министер за надворешни работи. На закажаната средба со министерот за надворешни работи, нашиот најголем економски партнер, членка на Европската Унија, Сојузна Република Германија, која што во исто време е претседавач со Европската Унија, господинот Димитров не отиде. Тој проценил дека за Македонија е по корисно....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Црвенковски, Ве молам ако продолжите ќе ви го одземам зборот.

Вие вршите анализа на настани, а не предлог на дневен ред. Тоа е по ваше видување.

Закажете конференција за печат и држете сто години збор.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Видете, господине потпретседателе, Вие по деловникот не можете да ми одземете збор. Можеби овие работи не ви се допаѓаат да ги чуете меѓутоа, Вие не можете да ми одземете збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, не ми се допаѓа, јас кажувам, затоа што не чини, туку говорете за дневниот ред, а не за политички настани.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Барам образложение.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Образложение за што?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Образложение за дневен за предлогот за дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За образложение за дневен ред, Ве разбрав за безбедносна работа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, стрпете се уште малку и слушнете ги аргументите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе можам да ве трпам и да ве слушан уште десет дена, ама другите не ве слушаат, тоа е проблемот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Значи, што се случи, нашиот министер за надворешни работи оцени дека е подобро да биде дел од 60-члената Тајванска делегација и Тајванска екскурзија, отколку да отиде на средба со министерот за надворешни работи на Германија и претседавач на Европската Унија господинот Фишер. Кои ќе бидат последиците од тоа? Допрва ќе видиме и ќе почувствуваме.

Во овој период често пати имаме прилика да слушнеме изјави од различни министри, членови на Владата, па и пред малку во дискусиите околу утврдувањето на дневен ред на точката предложена од господинот Андов, дека всушност иднината и на Република Македонија и на целиот регион, меѓу другото се потпира на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Се даваат аргументи дека економската поддршка за реконструкција на регионот, во тој склоп и на Република Македонија, всушност се потпира на решенијата зацртани во пактот за стабилност.

И, тоа е во ред и сосема е разбирливо што беше даден предлог дека Владата треба да излезе со свој план, како ќе ги реализираме нашите обврски кои што произлегуваат со тој пакт за стабилност. Еден од членовите во тој пакт вели дека економската помош за регионот ќе се реализира преку меѓународните финансиски институции, односно преку меѓународниот монетарен фонд, преку светската банка преку Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициона банка.

Оттука се поставува прашањето ако е наш стратешки национален интерес да ги валоризираме докрај можностите што ги дава Пактот за стабилизација на Југоисточна Европа. И ако тој пакт предвидува таа помош да се реализира преку овие институции, се поставува прашањето како ќе го објасниме прекинувањето на не успешните преговори со меѓународниот монетарен фонд, како ќе ја искористиме таа економска помош искажана во Пактот за стабилност, кога институцијата преку која што тоа треба да се реализира е институција која што во овој момент после неколку години прв пат со Македонија нема никаков аранжман. За да биде иронијата уште поголема нашиот министер за финансии тоа го објасни како огромен успех што не сме успеале да потпишеме аранжман со ММФ, кој што на крајот на краиштата успех го имаше во својот џеб и пред да почнат преговорите не мораше воопшто да преговара за да не успеевме, односно на крајот да биде успех на не успешните преговори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дајте предлог за дневен ред, господине Црвенковски.

Свикајте конференција за печат и тоа кажете го.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, само Вие придржувајте се кон Деловникот за работа на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се придржувам, ако говорите она што нема врска со дневниот ред....

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Во тој деловник не пишува колку треба да биде долго образложението кон предлогот за уврстување на точката на дневен ред. Ако има таква одредба кажете ја и цитирајте ја. Ако нема, обезбедете мир во салата додека да завршам.

Следниот пример кој што го кажувам како аргумент дека имаме конфузија во стратешките интереси, кои што можат скапо да не коштаат и како народ и како држава е проблемот кој што произлегува околу директните потези и политика кои што загрозуваат уште една наша стратешка цел, а тоа е заштита и развивање на националниот и културен идентитет на Македонскиот народ. Што ни се случи во овие седум месеци, една цела серија настани и нема да ги образложувам пооделно, бидејќи веќе се објаснуваа во јавноста од најавата званична владина за редефинирање на историјата, од посетата на МПО и пречекот од владини министри, од чевствувањето пред плочата на Тодор Александров, од спогодбите со Бугарија и откажувања од нашето македонско национално малцинство во Бугарија, од спојувањето на

манифестациите на Македонската и Бугарската делегација во Рим по повод чествувањето на "Свети Кирил", заклучно со изнесената платформа од страна на актуелниот директор на Националната македонска библиотека и претседател на Советот на министерот за култура за издавачка дејност. Значи званично, официјална владина личност, изнесени во званично национално провладино гласило, како што е "Нова Македонија", кое што е директно под целосна контрола на владеачката партија, каде најдиректно најбезобразно се пласира тезата дека сме однародени бугари и опструирани Македонци.

Се поставува прашањето што останува во заштитата на стратешкиот национален интерес, а тоа е развивањето и чувањето на македонскиот национален идентитет.

Сите посакувавме што поскоро да заврши војната во Косово и еве, конечно тоа и се случи. По тој повод се донесе резолуција на Советот за безбедност на Обединетите Нации. Претходно постоеше план Г-8 на групата 8. Уште порано од тоа постоеше и предлог на контакт групата, врз основ на кој што требаше да се дојде до мирна разврска на косовската криза или барем мирен завршеток на воениот конфликт кој што подоцна таму се создаде. Во сите тие текстови и документи и во Резолуцијата на Обединетите Нации и во Планот Г-8 и во плановите на Контакт групата, секаде стои еден принципиелен став, а тоа е дека Косово ќе добие силна автономија во рамките на Сојузна Република Југославија.

Во изминатиот период на стотици пати беше искажувано и од страна на власта и од страна на опозицијата во Република Македонија, дека наш витален, национален, државен интерес, е да не се повреди принципот на не менување на границите. Прекршувањето на тој принцип нема да го загрози ниту Вашингтон, ниту САД. Прекршувањето на тој принцип е опасен за овие земји во регионот, се разбира, опасен и за нас како Република Македонија.

Оттука, исто така на сто пати јавно беше искажано и од страна на претставници на Владата и од страна на политичките партии, било во власта или во опозиција дека за нас најприфатливо решение, финално решение за косовската криза е силна автономија за Косово во рамките на Сојузна Република Југославија. И велевме дека е добро што нашите оценки и проценки се преклопуваат со пристапот на меѓународната заедница. И што се случи вчера? Вчера со благослов на премиерот на Македонската Влада, дефакто ако не де јуре, се призна независноста на Косово. Вчера имаше средба со до вчера во државните медиуми споменуван како само прогласен лидер на само прогласената ОВК и т.н., вчера тоа беше званичниот лидер по зборовите на премиерот, на Косово, во ниту еден момент не се спомена зборот Југославија, нашиот премиер веќе го устоличи господинот Хашим Тачи, како идниот владар со независно Косово, вчера стана збор за отворање на канцеларии во Скопје и во Приштина за демократизација на односите на границите меѓу, условно речено, двете држави. Се најави следната посета од наша страна дека ќе се реализира во Приштина. Ако претходно сме утврдиле дека наш национален интерес поголем отколку на било која друга држава во регионот е да не дојде до менување на границите и Косово да биде во рамките на Сојузна Република Југославија, тогаш се поставува прашањето зошто први надвор од резолуцијата на Обединетите Нации, надвор од плановите на Г-8, надвор од контакт групата и нејзините планови за решавање на оваа регионална криза, ние наоѓаме засходно да работиме први и директно спротивно на сопствените национални и државни интереси и да даваме свој придонес за давање на легитимитет и на ОВК како регуларна војска на Косово и на Косово како независна држава во наредниот период. Да не заборавиме дека само еден ден пред тоа потпаролот на ОВК во Призрен изјави дека, немаат намера да се разоружаат, туку напротив дека имаат намера да прераснат во регуларна војска на независно Косово и дека нивните цели се остварувањето на идејата за Голема Албанија со делови од Македонија и од Црна Гора. Тоа не го кажува македонската опозиција, тоа се изјави на потпаролот на ОВК или УЧК, како што најчесто овие денови имавме прилика да слушаме пароли по македонските градови, тоа се нивни зборови, а веќе следниот ден имаме ситуација, каде што нашиот премиер прави официјална средба, говори како да се работи за две независни држави, веќе го дава легитимитетот на независност на Косово со идниот од него опструиран лидер на Косовската држава, ниту еден збор не се спомна, барем јавно не беше кажано за оградување од тие претходно во многу наврати дадени изјави на ОВК, дека нивната цел е Голем Албанија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Завршувам со следното:

Можеме да наброиме уште стотици вакви примери од кои што може да се заклучи и констатира дека имаме целосна конфузија кај нашата актуелна власт во Македонија, околу тоа што се вистински и стратешки национални интереси на Република Македонија.

Понатаму, имаме конкретни потези, одлуки, мерки преземени од страна на нашата Влада кои што директно ги загрозуваат и ги рушат нашите национални и државни интереси и согласно тоа нема друго освен да отвориме расправа за таа работа во ова Собрание. Уште еднаш да ги зацртаме и реафирмираме кои се долгорочните стратешки интереси на Македонскиот народ, на Македонската држава. Согласно така утврдената рамка да се однесува оваа апсолутно не одговорна власт во Република Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Процедурално, прво, господине претседавач морам да реагирам, вакви

вдахновени говори во иднина немој да дозволувате Ве молам. Имаат шанси и во дневниот ред и на следните седници да искажат сопствен, нивен став. Колку бевте успешни тоа покажаа изборите и стигнавте таму каде што стигнавте. Уште една кратка паралела.

Вчерашната средба на премиерот Георгиевски и на Тачи беше транспарентна и јавна, а Вашата најголема инвестиција, претседателот на оваа држава имал десетина средби со Ругова и со Милошевиќ тајно направени во Македонија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

За реплика на дискусијата на господинот Флоровски.

Прво, господине потпретседателе, бидејќи Вие добивте совет од господинот Флоровски, јас сакам да Ви дадам уште еден.

Кога ќе треба да бирате меѓу вдахновен и не вдахновен говор, изберете го сепак првото, бидејќи е по паметно и по умно и за сите што седиме во оваа сала и за цела Македонија.

Втора работа, што се однесува до последните парламентарни избори Вие добивте мандат да го остварите тоа што го напишавте во предизборната програма и што му го ветивте на народот. Таму овие лудости и глупости ги немаше напишано. Вие добивте мандат да покачувате плати, да донесете милијарди долари, да зголемувате тензии, да намалувате даноци и царини, да вработувате луѓе, да градите социјални станови, да градите 85 спортски сали, кои што веќе требаше да бидат завршени, да ги компјутеризирате сите основни и средни училишта. Затоа Вие добивте мандат од овој народ.

Вие не добивте мандат на изборите во 1998 година да ја растурате и распродавате државата. Тој мандат го немата и Вие не можете да се повикувате на изборните резултати и да правите нешто што е сосема спротивно и што не сте го најавиле во предизборната кампања, туку го криевте под маса, а сега влеговте во една ефикасна, турбо реализација на разградба на Македонската држава.

Толку околу репликата, ако се јави уште еднаш ќе му реплицирам пак.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Прашањето е следно. Со што оваа Влада ја распродаде Македонија? Со што? Ве прашувам со што оваа Влада ја распродаде Македонија? Сакате да кажете дека сме ние националните предавници на оваа држава, ајде вратете се station наназад, на периодот на Вашето работење.

Не сакам да Ви дадам шанса повторно да ми реплицирате.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Ако поставувате прашања што претходната Влада направила - претходната Влада за шест години создаде држава, тоа што Вие за шест месеци веќе у велико го растуривте и разрушивте. Тоа е првата и најважна работа.

Втората работа, ако Вие мислите дека со парламентарното мнозинство и бројот на рацете кои што ги имате во ова Собрание, секоја лага можете да ја изгласате како вистина, секоја штета да ја направите среќа, секој не успех да го претворите во еуфорично достигнување на Македонската држава, грдно се лажете. Тоа Ви проаѓа само во оваа сала. Излезете надвор од оваа сала и кажувајте го ова што овде го говорите заштитени во оваа зграда и потпирајќи се само на бројот на рацете, а впрочем ако ги имате контра аргументите, Ве молам гласајте, оваа точка да се стави на дневен ред, ќе ги судриме пред целата македонска јавност нека просуди народот. Тој дава власт, тој зема власт.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да Ви кажам најискрено, воопшто не се плашам да излезам надвор.

Впрочем, Вие сте тој кој шетате со телохранители платени од оваа држава. Значи не постои апсолутен страв. Значи Вие сте тие поради тоа што имате минат труд на големи гревови, почнувајќи од криминалот и низа други работи кои не сакам да ги спомнам овде, а ќе разговараме по некоја точка, која ќе биде тема за Вашето работење. Мислам дека и тоа наскоро ќе дојде.

Се надевам дека ова не го сфаќате како реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувана Владо.

Прво да кажам дека ми е жал што оваа седница поприми ваков тек, од проста причина што имавме едно флагрантно и дрско кршење на Деловникот на Собранието на Република Македонија и не очекував од еден бивш премиер, кој што ја водеше оваа држава повеќе од осум години, прво така да го чита деловникот, а второ да изнесува паушални оценки за Владата и на ова Собрание во кое што седат народни избраници.

Ова уште повеќе од таа причина што се знае по кој повод се зборува за работата на Владата, односно се поднесува интерпелација, каде што може се да се каже за нејзината работа.

Исто така, изнесените оценки на господинот Црвенковски ги оценувам како груби инсинуации, за се она што го изнесе и еден евтин маркетиншки призвук, кој што би можел да се смести во групата на платена политичка програма, која што Македонската телевизија не ја нуди од оваа говорница, бидејќи затоа се плаќа. Не знам како би реагирал, бидејќи тоа не беше предлагање на точка за дневен ред, туку комплетна политичка изјава, кога

Социјалдемократскиот сојуз ќе добие фактура од Македонската национална телевизија за сето она што го изнесе овде во форма на политички говор.

Што се однесува до точката што ја изнесе во смисла на афирмација и реафирмација на стратешките цели и задачи на Република Македонија, се разбира дека има слух и во Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и во целата коалиција, впрочем за што зборуваше и потпретседателот на Владата г-ѓа Доста Димовска, туку се работи за еден документ кој што е доста сеопфатен, кој што е доста сериозен, кој треба да се подготви и една таква елаборација да добиеме за наредната, или една од наредните седници во кои што би можеле конкретно да зборуваме за досегашната работа и на Владата и на се она што Република Македонија го направи на овој план.

(Реагирање на пратениците од опозицијата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Сакам да се изјаснам по однос на нашиот предлог, зошто ќе гласам против.

(Реагирање на пратениците од опозицијата - прво Владата, можеби ќе прифати).

Добро, ако е за Владата. Инаку имам деловничко право да се изјаснам зошто ќе гласам против.

Беше спомнато дека магистралниот курс, кој што порано бил зацртан повеќе не е зацртан и дека во тој магистрален курс беа спомнати шест работи.

- Сочувување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет;
- Економските реформи и пазарно стопанство;
- Демократска и правна држава;
- Интегрирање во Евроатланските процеси на интеграција;
- Зачувување на националниот и културниот идентитет и
- Добрососедски односи.

За сите овие шест работи, Вашиот стил беше ист онаков како за време на изборите. Тотално нехилистички. Значи, тотално се оваа Влада што работи, негирање. Би сакал за секоја од овие точки поодделно да Ви кажам дека потполно грешите.

Прво, сочувување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет. За овие два и пол месеци кој беше тој што стоеше и што го зачувуваше суверенитетот и територијалниот интегритет. Оваа Влада и сите структури и системот. Значи Вашата забелешка по однос на тоа не држи.

Второ, економски реформи и пазарно стопанство. Со овие работи што почнаа да се прават, како Окта и други, некои фирми со кои Вие се обидувавте нешто да направите и приватизирате, а на крајот од сето тоа менаџерските тимови ништо не платија на државата, оваа Влада се нафати да ги исправи тие грешки.

Значи по втората стратешка и магистрална цел оваа работа потполно не држи од Ваша страна.

Трето, демократски правна држава. За каква правна држава зборувате кога не знаевте даноци да соберете и заради тоа немаше ни Фондот за здравство, немаше ни полицијата, ни ништо. За каква правна држава зборувате. Значи, Вие имавте само зацртано декларативно, а практично ништо не направивте. Оваа Влада нешто друго прави по однос на плановите за воспоставување на правна држава.

Четврто, интегрирање во Европа. Какво интегрирање Вие направивте кога не бевте ни влезени во Агендата 2000, а сега што се случува? Значи, повторно реалноста зборува контра на она за што Вие се залагате.

Петто, зачувување на националниот и културниот идентитет. Погледнете ги програмите на сите културни домови, театри и се деновиве што е. Настанува една експлозија на разни проекти, културни манифестации. Тоа за Ваше време беше потполно поинаку.

Шесто, добрососедски односи. За добрососедските односи неколку пати зборувавме овде. Вашиот стил на добрососедски односи беше еквидистанца со скарување со секого. Со Бугарија скарани, со Грција скарани, со Албанија ладни, со Србија малку подобри. Оваа Влада малку поинакви односи има и тие односи добија меѓународна верификација.

Поради сето тоа ќе гласам против ваквиот предлог за ставање на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Доста Димовска, како претставник на Владата, па Вашиот предлог.

(Господинот Бранко Црвенковски бара збор за реплика).

Господине Црвенковски, на што реплика?

Он говори зошто нема да гласа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Само неколку забелешки.

Беше искажана една грешка дека сум бил премиер осум години.

Ќе беше добро за државата да беше така, ама за жал не е, бидејќи бев шест години.

Втора работа, околу аргументите што беа изнесени како против аргументи, дека не

држат работите што сум ги кажал. Би поминал само набрзина преку сите нив.

Прво, околу независноста, суверeноста и територијалниот интегритет на Република Македонија. Целиот мир и стабилност во овој период апсолутно не ја сочува Владата, многу поголем е придонесот на опозицијата, а најголем дел на народот, бидејќи е многу по паметен отколку што ни е Владата.

Второ, за каков суверенитет кажувате и говорите и територијален интегритет кога дојде до коалициона поделба на Македонија. Ако во ништо друго тогаш во кадровската политика. Денеска главен кадровик во Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга не е ниту некој од ВМРО-ДПМНЕ, ако не се лажам, за таа работа е задолжена г-ѓа Доста Димовска, туку се директно Џафери, Тачи и така натаму. Тоа е територијалниот интегритет што Вие сте успеале да го сочувате.

Пред два дена имавме прилика да слушнеме една изјава од нашиот премиер кога на еден американски генерал му кажа дека тој е вистинскиот домаќин во Македонија и дека така треба да се чувствува во нашата држава. Тоа имаше прилика целата македонска јавност да го слушне.

Што се однесува околу економските реформи го најдовте најлошиот пример за одбрана на Владата, тоа е примерот на Окта и нејзината приватизација, бидејќи во овој момент македонската Влада се наоѓа пред Лондонски суд за таа работа. Имате дописи од светска банка што не ги обелоденува Владата, во кои што директно тој начин на приватизирање на Окта се критикува и се зема како сериозна забелешка, а бидете убедени дека тој пример на приватизација, на Окта, на тој начин како што е направено ќе ни создаде проблеми во врска со асоцијативниот статус во Европската Унија, бидејќи поинакви одредби стојат во Спогодбата за економска и трговска соработка со Унијата, а да не говориме за пристапот до Светската трговска организација, каде што ваков ексклузивитет даден на некого без јавен тендер, без лицитација, со договор под маса од некои други мотиви и причини едноставно во Европа не поминува.

Што се однесува до правната држава и Вашата способност да ги собирате даноците овие денови имавме прилика да го чуеме министерот за финансии кој што најави наспроти најавата на премиерот од завчера дека најлошото е зад нас, тој кажа дека најлошото е пред нас и дека ќе мора да се редуцира и Буџетот. Дури беа најавени и намалувања на платите во целата буџетска администрација. Тоа е доброто собирање на даноците, кое што Вие го практикувате овие седум месеци.

Што се однесува до добрите односи со соседите, Вие вака ако продолжите ќе имате одлични односи со сите соседи, само ќе ја нема Македонија. Ако градење на добри односи е врз основа на сопствена штета, правење отстапки само од едната страна без никакво достоинство, без чувство за тоа што е државен интерес, тогаш тоа не е политика на добрососедски односи, туку е токму она што го зборуваше господинот Флоровски, распродажба на македонските национални и државни интереси.

Оттука самиот факт што Вие најдовте за сходно....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Црвенковски, поминаа десет минути предвидени за реплика.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

... говори дека е добро точката да се најде на дневен ред и пред цела македонска јавност да ги судиме аргументите и од едната и од другата страна. Во спротивно, ако Вие сакате да дискутирате и да спорите со нас, ама не сакате да има расправа во Парламентот, Вие всушност бегате и од темата и од одговорноста и од Македонската јавност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ќе го ставам Предлогот на гласање, ако Вие така се однесувате, а на господин Бранко вака му советувам.

Тој мене ме посоветува да примам совет, јас него го советувам, благодарам на советот и да не се јавува повеќе.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, можам со чудење да констатирам дека, иако некогаш се работи за луѓе млади по години, тешко се одделуваат од старите навики, од стариот начин на однесување така што овие дваесетина минути бевме сведоци на едно однесување на исклучивост на непочитување на Деловникот од страна на претставникот на опозицијата, а беше прекршен Деловникот на Парламентот. Наместо да се предложи точката и да се даде кратко образложение, се отвори материјална расправа.

Исто така, формулацијата на точката е многу не конкретна. Факт е дека доколку некој не сака политички маркетинг да прави, да ги етикетира луѓето, да ги етикетира позицијата, Владата, плукачки коментари да прави од говорницата на Парламентот, исто така да го реафирмира стилот и политиката на Милошевиќ, а тоа е создавање на анти албанско расположение, поттикнување на негативни емоции кон етничките малцинства во нашата држава. Исто така, да се сатанизира една средба која што вчера беше направена, која што е во полза на нормалната политичка комуникација, ако може една Мелдин Олбрајт да го прими Хашим Тачи, зошто да не може да го прими премиерот Љубчо Георгиевски.

Од изјавите кои што беа дадени за јавноста, исто така тука беа интерпретирани. Исто така во образложението за точката не може за сериозно да се земат новинарски написи и новинарски коментари, така што сето тоа што беше кажано од страна на предлагачот ценам дека е еден политички маркетинг, гол политички маркетинг и фактички предлагачот изгубил компас со однесувањето, дали се уште е премиер, дали се уште е позиција и опозиција. Од однесувањето се констатира дека сака со арогантниот стил да наметне начин на однесување и на оваа Влада и на Македонскиот Парламент. Исто така, да го диктира расположението на македонската јавност.

Знаеме како се разговара за националните интереси, како се прави тој договор. Ние сме имале обиди во минатото, кога бевме опозиција да разговараме со позиционите партии на таа тема. Тоа било одбивано, колку за потсетување да кажам, како тогаш демократски се однесуваше позицијата, со години одбиваше да се разговара на таа тема. За среќа откако настаните течеа како што течеа на меѓународен план, посебно на Балканот се седна и се утврдија некои стратешки национални интереси, но на тие разговори учествуваа сите релевантни политички партии, и парламентарните и вонпарламентарните. Ако некој има желба да ги редефенира националните стратешки интереси, одново може дијалог да се отвори, но се знае кој е начинот, а елементарниот начин во Парламентот би требало да биде барем координација помеѓу пратеничките групи. Така што сите процедури се прескокнати и овде бевме сведоци на еден излив на емоции и обид да се вратат некои искуства кои што до скоро се случуваа во соседството, а на кои што, на среќа на сите граѓани на Република Македонија и на сите нас им се стави крајот, беше потпишан мировниот договор и допрва следи имплементацијата на мировниот договор. Определбата на Македонската влада е дијалогот, начинот на комуникација и на договор за сите прашања така што ние ќе разговараме со сите па и со Хашим Тачи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Спасов.

Ве молам, од три минути повеќе не Ви дозволувам да дискутирате.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се извинувам, бидејќи на еден од пратениците му беше дадено право да каже како ќе гласа, истото го барам и јас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас го повикав г-динот Горѓи Спасов, а не Вас.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Еден совет потпретседателе ако не знаете што да правите, прочитајте го Деловникот и ќе видите дека она што му се овозможува на еден пратеник, дека можете и мене да ми го дозволите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие сте Радмила Шеќеринска нели?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Претпоставувам дека дотолку сте запамтиле.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му давам збор на г-динот Горѓи Спасов, а Вие да си одите.

Ве молам, Вие немате добиено збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Г-динот Ѓорѓи Спасов е пријавен за друга точка, односно за предлагање на нова точка на дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па јас не знам што ќе каже тој.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Па јас Ви кажувам, заради тоа што Вие не знаете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си на место.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе јас би Ве замолила да го читате Деловникот и да го почитувате Деловникот и на сите овие господа, госпоѓи и госпоѓици да им кажете дека ваква дискусија се води на пазар, а не се води во Собрание.

Затоа би сакала да Ви кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не Ве повикав, немате збор, ќе Ве исклучам од говорница.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Слободно исклучете ме од говорница, само со тоа ќе ја оневозможите работата на Собранието.

Г-дине потпретседателе Вие имате право да дадете збор на оние кои што бараат. И до тука сте во право. Меѓутоа, бидејќи водиме дискусија и бидејќи јас побарав збор процедурално, а не онака како што бара г-динот Ѓорѓи Спасов, со предлог, имам предност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Седнете на место и после Горѓи Спасов ќе Ве повикам кога ќе дојдете на ред.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе Вие пред да дојде и да зборува г-динот Ѓорѓи Спасов ќе треба претпоставувам да ставите на гласање одредена точка, која што беше предложена од некој пратеник. Дотолку претпоставувам дека памтите од Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да си одите на место.

Вие немате добиено збор, ме разбирате, или не?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседател се покажа дека со гласањето и со електронскиот систем немате баш некое особено искуство, не дозволувајте уште еднаш тоа да го повторите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, одете си, немате збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Добро, сега ќе се натпреваруваме кој повеќе има нерви, или што е работата? Па разбирате дека се работи за дискусија процедурална.

Јас барам да објаснам како ќе гласам и зошто ќе гласам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Чудна, интересна работа е со Вас.

Вие говорите за друг што сакал да каже. Дали сте Ванѓа, или не сте?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас барам процедурално г-дине потпретседателе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема процедурално, готово.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

"Нема процедурално", повторете го уште еднаш да влезе во записник Ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас кажувам Вие се јавивте после Ѓорѓи Спасов.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Дали има процедурално, или нема процедурално Ве прашувам?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На кој процедурално?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Процедурално на процедурата.

Г-дине потпретседателе ќе Ве замолам во записникот да влезе дека Вие велите дека по оваа точка нема право процедурално да дискутира еден пратеник.

Ако тоа го кажете, јас ќе си седнам на место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си на место.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе процедурално имам право како што се пријавија тројца пратеници за процедурални забелешки и тие не беа пријавени на списокот и тоа го видов.

И не можете вака да се однесувате како ќе Ви текне.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам одете си.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе јас би барала, јас нема да се симнам од овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си, во спротивно ќе барам да ве отстранат од овде.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Ве молам потпретседателе, Вие можете да барате да се почитува деловникот, не можете да барате да се отстрани некој кој што има право да зборува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Ве молам одете си на место. Ќе Ве исклучам.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Добро можете да исклучите г-дине потпретседателе, ќе остане дека Вие не сте дозволиле да тече дискусијата. Ве молам да исклучите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете на место.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе јас инсистирам моето право како пратеник овде да биде гарантирано.

Тројца пратеници се јавија процедурално, на тројца пратеници им беше дозволено.

Јас барам на мене да ми биде дозволено истото право.

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Вашите микрофони се исклучени.

Одете си на место.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Г-дине потпретседателе вакво арогантно, безобразно и агресивно однесување не сум очекувала дури ни од пратеник на Ваша партија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си на место.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Г-дине потпретседателе јас барам процедурално да ми биде дозволено да зборувам. Ако тоа не ми го дозволите, јас ќе продолжам да стојам на говорницава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде почитуваме процедура, г-динот Ѓорѓи Спасов има збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас ќе побарам записник да видам дали сите личности кои што зборуваа на оваа говорница се пријавија процедурално, односно со пријава електронски. Јас барам од службите да се види дали сите кои што добија збор во текот на оваа расправа беа пријавени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Една работа, проблемот е на култура на однесување.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе, проблемот е на демократија и проблемот на почитување на процедурата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако ја водам седницата, не Ви давам збор, во овој момент има предност г-динот Ѓорѓи Спасов.

Тој се јавува за процедура, не се јавува за друго.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се јавува за процедура? Во ред ќе му дозволам ако се јавува за процедура, меѓутоа потпретседателе не се јавува за процедура.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што трае се уште дискусијата за дневниот ред јас нормално се пријавив да предложам нова точка за дневниот ред. Пред да можам да ја предложам новата точка за дневниот ред, треба да заврши дискусијата по старата точка за дневниот ред, за која што практично не е извршено ниту гласањето.

Пред самото гласање има право секој процедурално да интервенира. Во таа смисла со оглед на тоа што сега имаме друг начин за пријавување на дискусија настана ова недоразбирање. Предлагам на Радмила Шеќеринска процедурално да и се даде можност да каже што мисли по Првата точка на дневниот ред и потоа да се гласа за Предлогот за дневен ред.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Посебна благодарност до потпретседателот на Собранието кој што еве, дури се реши на еден пратеник на опозицијата, кој што сака процедурално да дискутира да му даде збор.

Јас би сакала само од сите овие дискусии кои што овде се водеа и во поглед на процедурата и во поглед на тоа кој, како ќе гласа, само да кажам дека од сево ова е јасно дека имаме потпретседател на Собранието кој што не го знае, или не го чита Деловникот, имаме пратеник кој што има проблеми со основните аритметички операции, имаме пратеник кој што не ги чита материјалите дури ни за оваа седница па не гледа дека завршната сметка за претходната година ќе се дискутира токму на денешната седница и малку се поинакви податоците и заклучоците, кои што од таа завршна сметка можат да се извадат.

И на крајот на краиштата имаме и потпретседател на Влада која што очигледно повеќе би сакала да биде потпретседател на Собранието па дискутираше нешто повеќе околу процедурата, а заборави да одговори и да каже дали Владата се согласува, или не се согласува да се отвори дискусија по оваа тема.

И на крајот, бидејќи беше спомнат компас, очигледно е дека во ова Собрание на многу добро би им дошол компас, да знае како се водат седниците, да се знае како се учествува на седниците, да се знае како да се гласа на седниците, да се знае како електронски е уште потешко да се гласа и т.н.

Меѓутоа очигледно е дека Владата, а пред се премиерот на нашата Влада господинот Љубчо Георгиевски навистина нема проблем со компасот и често и радо го употребува. Токму затоа претпоставувам дека во моменти кога во Република Македонија се случуваат можеби навистина настани на кои што не сме навикнале во оние осум, или уште повеќе шест години, премиерот не беше присутен во Република Македонија. Токму поради тоа, или можеби поради тоа ова Собрание не дискутираше по клучни теми, па заради тоа денеска ни се случува сите работи да ги одложуваме и пост фестум претпоставувам дека дискутираме.

И токму поради тоа при таа посета која што од Соединетите американски држави се префрли на тура за Тајван и во која што очигледно премиерот и големата делегација се обидоа да докажат дека можат околу светот за помалку од 80 дена и притоа да изгубат, или да добијат еден ден. Ми падна на памет една изјава на еден пред се интелигентен и по се изгледа шармантен ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во што е процедуралната работа, што многу знаете?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Процедуралната работа е во она што го кажав, а тоа е дека потпретседателот не ја знае процедурата, а дека Владата исто така не ја дели таа процедура. Тој политичар кажал дека, еден политичар, еве ќе оставам на оние кои што се интересираат да прочитаат и да го најдат тоа, има кажано дека во една прилика соочен со критична ситуација, кризна ситуација како што ние секојдневно се соочуваме, дека не може да има криза оваа, ниту пак наредната недела, бидејќи ни е полн распоредот. За среќа на таа земја и за среќа на тој политичар тој барем шармантно тоа го кажа. За разлика од него нашиот премиер рече дека не може да има криза во Македонија, во Македонија се е розово и се е убаво, бидејќи следната недела сум во Тајван. Затоа јас би сакала оваа дискусија која што денеска беше предложена, дискусија која што навистина е сериозна и која што опфаќа многу точки и која што можеби Ви изгледа комплицирана, бидејќи ја водиме дискусијата по тема: усвојување на дневен ред, навистина да се отвори во ова Собрание. И на таа седница и на таа тема да биде присутен и премиерот на оваа држава, кој што има најголема одговорност заради тоа што состојбите се онакви какви што се.

Токму поради тоа јас ќе гласам за да се усвои ваква точка на дневен ред. И би сакала навистина да апелирам до пратениците, доколку толку се расположени за удираше по маси, доколку толку мислат дека знаат и дека се во

право за она што го зборуваат, доколку толку мислат дека имаат право во ова Собрание да наметнуваат не едноумна, туку не умна атмосфера, тогаш нека гласаат исто така за оваа точка, па нека го докажат и своето знаење и своето умеење и своите аргументи и останатото.

Ви благодарам потпретседателе, посебно заради вака дозволеното време за процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас Ви благодарам. Има збор г-динот Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван господине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас би сакал да го искористам моето деловничко право и да се искажам по предложената точка на дневен ред од г-динот Бранко Црвенковски.

Не можам да гласам за предложената точка на дневниот ред, од причини што прво, драстично го крши Деловникот на Собранието на Република Македонија. Второ, образложувајќи ја предложената точка истакна дека оваа Влада ја растури државата. Со што еве јас се согласувам со ова дека оваа Влада ја растури државата, бидејќи барем мене не ми е познато дека досега истрошил некој куршум за да убива свои граѓани во Република Македонија и сигурно поранешниот премиер се занимавал со такви дејствија, па затоа не гледа ништо позитивно на оваа Влада.

Јас сакам да му ставам на знаење на г-динот Црвенковски дека веќе секој граѓанин не само во Македонија, туку во целиот демократски свет го разликува личниот и општиот интерес, националниот интерес. Ако Вие сте убедени дека е во интерес на Македонија, дека на Косово треба да му се даде некоја поширока автономија. Ние сите сме убедени, сите знаеме дека тоа се зборови на Слободан Милошевиќ, а што му нанел на својот народ Милошевиќ, на целиот Балкан, а особено на албанскиот народ веќе сите знаеме. Дека оваа Влада ја растури оваа држава, можеби е така, но ајде сите заедно овде ние народски речено да правиме амин оти се растури и Велика Британија и Германија и САД и Австрија и ред други земји економски што се развиени и што немаат дисконтинуитет во развојот на плурализмот и демократијата.

Ова го кажувам од причина што и тие го примиле премиерот Хашим Тачи, кој не мора ние овде, а особено Црвенковски да го признае кој е. Го признаваат тие во чие име тој зборува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа да дадам еден предлог, затоа што треба да гласаме за ова дали ќе влезе во дневниот ред, или не и после по оваа точка да расправаме. Ние сега се расправаме околу тоа кој што кажал меѓу нас. Ако точката влезе во дневниот ред тогаш ќе расправаме и ќе можеме да дискутираме. Вака одиме во не продуктивни расправии.

Предлагам предлогот да го ставиме на гласање.

Присутни се 110 пратеници.

86 пратеници гласале. 24 пратеници гласаа за. 61 пратеник гласаа против. 1 пратеник е воздржан.

Понатаму господата кои се пријавиле беспредметна е нивната дискусија.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, пред да го изнесам мојот предлог за дополнување на дневниот ред, дозволете ми да ја изразам надежта дека во македонскиот Парламент нема да ни се случи тајванизација, односно нема наскоро во македонскиот Парламент, заради различно изразените мислења, или различните образложенија да ги имаме сцените од тајванскиот Парламент, што синоќа ги гледавме на нашите ТВ и дека всушност посетата на Тајван од парламентарната делегација на Македонија, не беше искористена за тоа да се научат некои вештини на борба околу политичката говорница во овој Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Спасов, кој Ви е предлогот за дневниот ред.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Токму за тоа говорам. Г-дине потпретседателе, дозволете ми да продолжам, барам на денешнава седница Владата на Република Македонија да поднесе информација за најавеното признавање на независна Република Косово, од страна на Владата на Република Македонија.

Ова според мене беше сторено на вчерашната средба помеѓу премиерот на РМ Љубчо Георгиевски и примениот во својство на премиер на привремената Влада на Република Косово г-динот Хашим Тачи. Барем пет елементи од таа средба укажуваат на ваквата намера на Република Македонија.

Прво, господинот Хашим Тачи е примен во својство на премиер на привремената Влада на Република Косово, со целокупниот дипломатски протокол кој што е предвиден за примање на премиерите во присуство на министерот за надворешни работи и со целокупниот аранжман за таквиот дипломатски протокол што ја следи средбата на двајца премиери.

Второ на таа средба г-динот Љубчо Георгиевски во име на Владата на Република Македонија, изјави дека посебен интерес на Република Македонија, на македонската држава е востановување на администрацијата на г-динот Хашим Тачи на Косово, иако како што знаете Пактот за стабилност предвидува избори и дополнително одредување кој ќе ја води таквата администрација, со што всушност прејудицираше

Влада и го промовира г-динот Хашим Тачи во иден премиер на Република Косово.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Трето, од средбата беше изјавено дека меѓу другото во разговорите е разговарано за демократизација на границата меѓу Косово и Македонија, со што е јасно ставено дека Македонија повеќе не граничи со Сојузна Република Југославија туку со Република Косово.

Исто така, од средбата меѓу другото е изјавено дека се договориле на оваа средба наскоро да бидат отворени официјални канцеларии на Република Македонија во Приштина и на Косово во Скопје, што е всушност востановување на дипломатски односи меѓу две независни држави.

И последната работа, беше кажано дека господинот Хашим Тачи, во својство на премиер на привремената Влада на Косово, го поканил г. Љубчо Георгиевски да ја посети Приштина и се надеваат дека следната средба меѓу двајцата премиери ќе се одржи во Приштина.

По секој дипломатски протокол, ова е средба на двајца премиери на две независни држави и е вовед комплетно во признавање на независна Република Косово.

Бидејќи тоа е објавено, сметам дека Македонија на овој чин направи три основни погрешни чекори.

Прво, дека ова е против пактот за стабилност, во кој што не е предвидена независна Република Косово, туку само автономија за Косово и работи против интересите на пактот и на сојузниците кои тоа се обидуваат да го имплементираат.

Второ, дека тоа е против националниот интерес на Македонија за промена на границите на Балканот, и

Трето, дека всушност Македонија со овој чин практично почнува да води политика на приврзок на туѓи интереси, односно се однесува како продолжена рака на надворешната политика на Република Албанија во Македонија.

Парламентарната група на СДСМ по овој повод од Владата на денешната седница би сакала да знае следното:

Прво, дали се работи за незнаење од страна на премиерот што и каква симболика имаат ваквиот вид на протоколарни средби. Дали се работи за обично незнаење што треба да се изјави и што може да се изјави во такви средби и каде водат таквите изјави на премиерот на Македонската држава.

Второ, дали се работи исто така за не знаење за тоа кој е г. Хашим Тачи и дали против него не се води исто така некаква истрага за направени злочини на Косово.

(Реакција на некои пратеници од место со зборовите "од страна на Милошевиќ").

Исто како за Милошевиќ, сигурно, така е покренато.

Трето, дали Владата на Република Македонија не знае кои се целите на Ослободителната армија на Косово, чиј врховен командант моментално и водач е г. Хашим Тачи. Ако не знае, меѓу другото, нека го прочита и последниот број на "Форин" од Американскиот стејдепартмент, во кој што многу јасно е напишано: Ослободителната армија на Косово е бескомпромисна по прашањето за независно Косово, засега, и за голема Албанија подоцна, во која ќе бидат вклучени и делови од Република Македонија. Тоа е последниот број од јуни 1999 година. Јас ќе ви го доставам во прилог на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на другите парламентарци.

Четврто, дали се работи за практично исполнување на една политика, која ја заговори г. Џафери на неговата средба со премиерот на Бугарија Иван Костов, на која рече меѓу другото, како претставник на Македонската Влада отиде таму, и кажа дека независно Косово е во најголем интерес на Република Македонија и всушност, тоа е продолжение на онаа политика во која г-ѓата Доста Димовска таму изјави дека Милошевиќ и г. Глигоров се последните комунистички диктатори од кои треба да се ослободи светот и оваа држава. Дали се работи, Владата треба да одговори, за продолжување на така наречената "Тајванизација" на надворешната политика на Македонија, која се сведува на признавање за пари, односно купување на политичка одлука со пари или со некакви други ветувања од страна на оние на кои тоа им се признава. По признавањето на Тајван, кое што беше ветено дека ќе донесе на Македонија огромни пари, сега се пристапува практично кон признавање на независна Република Косово, зад која што исто така можеби стојат пари, зделка, провизија или нешто друго, кое исто така треба да и биде соопштено на Македонската Влада.

Петото прашање е, дали можеби ова не е продолжение на договорот склучен или исполнување на договорот кој што е склучен уште во 1920 година, меѓу водачот на тогашното ВМРО Тодор Александров и водачот на Албанската Револуционерна Организација Хасан Беи Приштина, во кој е предвидена поделба на Македонија меѓу Бугарија и Република Албанија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата, г-ѓата Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, околу процедурата мора претставниците на Владата за сите предлози да даваат одговор, така што

јас навистина сум впечатлена од анализата што ја направил г. пратеник и на изјавите, а веројатно и некоја истрага спровел околу тоа што е разговарано вчера во текот на разговорите меѓу премиерот Љубчо Георгиевски и г. Хашим Тачи и мислам дека треба да престанеме да се занимаваме со ширење на омраза. Јас очекував и на самиот почеток повторно да се оживее омразата кон Бугарија и бев изненадена зошто тоа не е направено, но сепак господинот го направи тоа уште еднаш на крајот од образложението.

И Република Македонија и сите останати наши соседи во регионот се на прагот на 21-от век, со пактот за стабилност нас не очекува една нова балканска политика, а тоа е воспоставување на едни сосема поинакви односи, кои ќе бидат втемелени на добрососедство, пријателство, взаемно почитување, на една целосна соработка, исто така и на етаблирање на демократијата. Ваквите дискусии не сакам да ги етикетирам, не одат во полза на создавањето на таква атмосфера.

На крајот би сакала да потсетам на фактот дека статусот на Косово е регулиран со документите и со Резолуцијата на ОН со Пактот за стабилност, така што ставање во уста на премиерот на нешто што не е кажано и водење на некоја не знам каква истрага да ја наречам, обиди за дисквалификација не ги прифаќа од името на Владата и факт е дека Владата за такво нешто не расправала ниту донела некаква си одлука за признавање на Косово, како што беше истакнато, една нотoрна невистина, во дискусијата на пратеникот. Така што цениме дека нема потреба една ваква точка да биде на дневен ред, бидејќи таква одлука не постои.

Исто така, пратениците во желбата за политички маркетинг не би требало пратеничките прашања да ги предлагаат како точка на дневен ред.

Има посебни точки за тоа и доколку има желба може Владата да одговори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме предлог и став на Владата.

Предлогот го ставам на гласање, Ве молам.

Предлагачот има збор.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Бев споменат и по име и по презиме, меѓутоа сакам само да кажам што изјави г. Георгиевски на вчерашната средба и г. Тачи е запишано на сите видео ленти.

Она што јас го цитирав е цитирано од она што беше слушнато и симнато од сите видео - ленти, ниту збор повеќе, ниту збор помалку и тоа може да го провери г-ѓата Доста Димовска, доколку е заинтересирана да ја види автентичната верзија, содржана е дури и во соопштението на Државната агенција, која го дистрибуираше истиот ден до сите редакции и до сите политички партии.

Јас говорам за намерата, говорам за јасната намера која што можеше да се види од таа средба, исто така како што ние до последен момент немавме јавно објавена намера да се признае и Тајван.

Меѓутоа, преку ноќ, заради околностите кои што оваа Влада ги оценила, оценила дека е многу добро и многу ефикасно да се признае една таква независна држава и да се воспостави мир на Балканот за вечни времиња, на општа љубов на сите народи кои што живеат на овој простор. Многу е интересно, меѓу другото, кога зборуваме за љубовта со сите соседи и т.н. и кога ги мериме грешките и придонесите на сите, како некои истовремено, за време на оваа средба, не го праша г. Хашим Тачи дали тој не е одговорен истовремено за некои убиства над цивили на Косово. Многу е интересно на пример, зошто Македонија не би го поставила истото прашање, дали г. Хашим Тачи не е одговорен за етничкото чистење на ромите од Косово, кои што не смеат да се вратат од Република Македонија во Косово. Многу е интересно да го праша некој дали можеби не е одговорен исто така за егзодусот на 50.000 Срби, кои го напуштаат Косово во страв од враќањето на Ослободителната армија на Косово. Реално, ако некој сака да прави добри односи со сите соседи во Македонија, тогаш мора да го почитува, ако ништо повеќе мерката на пристанос и мерката на реалност, мерката на чесност во воспоставувањето на тие односи. Поинаку нема да ни веруваат и поинаку ќе го направиме дисбалансот на надворешната политика, кој ќе биде во интерес на некоја конкретна политичка коалиција или партија, чии што интереси допрва секојдневно ќе ги откриваме врз основа на нејзината тајна дипломатија која се води на приватен начин.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа нема потреба ако не се изгласа оваа точка на дневен ред да расправаме.

Ја ставам точката на гласање, Ве молам за десет секунди да се изјасниме кој е за и против.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас пријавив за да образложам како ќе гласам.

Видете кај вас на екранот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ханџиски, ве молам, го ставив на гласање.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Имам деловничко право да образложам како ќе гласам.

Ме има ли на екранот дека сум се пријавил?

И да не се покажува на екранот, треба да видите дека се пријавив.

Имам ли право да образложам?

Ако има друг пред мене, ќе го чекам редот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, можам да видам на екранот дека 9 пратеници се пријавиле.

Ве молам, ако се поставуваат пратенички прашања, да дојде, да влезе на дневен ред и да правиме од себе она што не треба да го правиме, дали ќе работиме како Собрание или ќе правиме политички собир.

Собранието треба да утврди дневен ред. Овде за дневниот ред го интересирало г. Спасов дали и што мислел премиерот - нека постави прашање, ќе му се одговори, а не ние овде да правиме дневен ред.

Да го ставиме ова на гласање.

Ако се изгласа добро, ако не, нема што да расправаме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Имам право да образложам како ќе гласам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да донесеме одлука дали ќе дискутираме или ќе гласаме по овој предлог.

Дајте да се изјасниме дали ќе расправаме понатаму.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Процедурално барам збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, вие сите сакате процедурално да се искажете.

Давате можност на оној кој сака да игра со Собранието, пратеничките прашања ги претвора во точка на дневен ред.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас би настапила навистина процедурално.

За сите оние кои го прочитале или не го прочитале Деловникот, процедурално како ќе се гласа, не е процедура, процедура е како ќе се гласа само за точка која е уврстена во дневниот ред. Бидејќи точката воопшто не е уврстена, односно не знаеме дали ќе биде на дневниот ред, не можеме да се изјаснуваме за неа како ќе гласаме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ве молам, дозволете г. потпретседател, почитувани членови на Владата, почитувани колеги, не само што е пракса од почетокот на работата на Собранието...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ханџиски, ако одлучи Собранието да се дискутира, вие сте на ред дури петти.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас два пати доаѓам на говорница и укажав дека имам деловничко право да образложам, зошто ќе го поддржам предлогот да се стави оваа точка на дневен ред, ништо повеќе од тоа.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Тоа го нема во Деловникот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Како го нема во Деловникот, да се изјасните како ќе гласате.

Има предлог за точката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Хаџиски, одете на место, вие сте петти по ред, ако дојде, ќе ви дадам можност.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Што ако дојде?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако се гласа за оваа работа.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

За тоа зборувам. Има предлог, треба да се гласа.

Ве молам, ако има расправа и ако дојде до гласање, Ве молам да ми го дадете правото да образложам зошто ќе гласам да или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да го ставам предлогот на гласање, кој е за предлогот да влезе на дневен ред или не.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Гласано е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е гласано.

Ве молам официјално го ставам предлогот на гласање.

Кој е за предлогот на г. Ѓорѓи Спасов, молам за десет секунди да се изјасните. (По гласањето).

Гласаа 82 пратеници, за предлогот гласале 12, 6 пратеници се воздржани и 64 пратеници се против.

Понатамошната расправа е беспредметна.

Дали има друг предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Господинот Тито Петковски се има јавено порано.

Повелете, г. Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред да предложам точка на дневниот ред, г. потпретседателе, почитувани колеги и претставници на Владата, молам навистина за едно разбирање.

За ваквиот интерес кај пратениците од пратеничката група на СДСМ, бидејќи долго време Собранието не се бави со суштински работи, едноставно е маргинализирано. Вие имате можност како власт, како позиција, преку Владата и преку министрите своите ставови да ги презентирате и пред домашната и пред светската јавност. Се разбира, имате можност да комуницирате непосредно преку медиумите и на тој начин и со граѓаните на Република Македонија. Изминатите два месеци во Македонија се случија многу драматични настани кои го определуваат текот на историјата на Македонската држава.

Ние како опозиција немавме можност, освен на ПРЕС-конференции, некои интервјуа и т.н., да ги кажеме своите мислења. А како пратеници, ве молам имаме и одговорност, бидејќи опозицијата е конститутивен дел на парламентарната демократија. Значи, одговорноста не е само на власта, на партиите што ја поддржуваат власта. Одговорноста е и на опозицијата и затоа ве молам да имаме навистина разбирање за интересот што го покажуваат пратениците од пратеничката група на СДСМ за теми кои сметаме дека добри да се најдат на дневен ред на Собранието, кои се мошне актуелни.

Во таа смисла, сакам да предложам на денешната седница една културна тема и се разбира очекувам адекватен однос на пратениците во однос на овој мој предлог.

Имено, познато е дека културата е оној вистинскиот репер, мерило на националното ниво на достигнувањето на недна нација и репер по кој можеме да се мериме со другите народи од светот. Ако е така, мислам дека во изминатите месеци во Македонија се случуваат многу значајни работи, кои можат битно да влијаат врз македонската национална свест и идентитетот и субјективитетот на Македонецот во Република Македонија.

Имено, донесовме закон за култура. Во тој закон за култура, после долги расправи од компетентни институции, поединци и т.н. го дефиниравме националниот интерес во културата. Во тој закон определивме и обврска Собранието, односно Владата да утврди национална програма за културата. Прашувам: што станува со националната културна програма во Република Македонија, односно предлагам да дефинираме. Предлагам Министерството односно Владата да подготват на Собранието информација за оваа седница за процесите и состојбите во македонската култура.

Одговор во оваа информација барам да се даде на следните прашања: До каде е со донесувањето на националната културна програма во Република Македонија, ако беше веќе најавувана за почетокот на јануари, сега сме јуни, и тоа средината на јуни, веќе поминавме во втората половина, националната културна програма се уште ја немаме.

Понатаму, што е со Советот за култура кај министерот за култура на Република Македонија. Имаше една конститутивна седница и после тоа немаше никаква шанса да видиме или барем не беше артикулирана во јавноста, како некој ангажман на Советот за култура. Значи ли тоа дека она што деновиве е присутно во македонската јавност, а тоа е афирмацијата на една друга програма, која еден директор на националната институција од врвно значење Националната библиотека ја промовира преку страниците на владиниот или партискиот весник на владеачката партија "Нова Македонија". Дали е тоа компензација на нашата национална програма во културата? Во таа информација молам да биде поместен ставот и на министерството и на Владата дали ова е национална програма на културата во Република Македонија, бидејќи си земам право да размислувам во оваа насока, затоа што по донесувањето на законот има повеќе од 8 месеци, а беше дефинирано до почетокот на јануари да ја имаме националната културна програма.

Понатаму, во информацијата да биде поместен одговор на прашањето зошто е укинат секторот за Меѓународна културна соработка во Министерството за култура. Значи ли тоа дека Македонија се откажува од нејзината меѓународна афирмација на културата. Во моментот кога целиот свет е заинтересиран за она што се случува во Република Македонија, кога сме во жижа на настаните не поради наша желба, туку поради она што се случува во нашето соседство, на Косово, Југославија и т.н., дали е ова одговор на прашањето дека нам не ни треба меѓународна афирмација на нашиот културен идентитет.

Понатаму барам одговор во оваа информација на прашањето зошто не нема во Венеција, односно зошто не немаше во Венеција? Тоа е врвната меѓународна манифестација во сферата на уметноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Зошто Македонија ја нема во Вајмарг, културната претстолнина на Европа оваа година, или барем маргинално засега сме во некој проекција, маргинално, со некоја балетска група, предвидени. Ако се знае дека сите изминати години наназад и во Копенхаген и во Стокхолм и во Солун и т.н., Македонија беше репрезентативно претставена, нашата култура, бидејќи има што да покаже на Светот. Дали одговорот е дека немаме пари. Кога станува збор

за афирмација на националните културни вредности, тука цена нема.

Според тоа барам во оваа Информација да се помести одговор на прашањето зошто на овие манифестации Македонија не е присутна.

Исто така барам во оваа Информација да се каже кои беа критериумите за избор на 132 наслови за издавање, од 1.300 предложени наслови на издавачкиот Совет и Министерството за култура, бидејќи токму меѓу овие наслови кои добија финансиска поддршка од државата не се затапени нај еминентните творци, бдејци од Македонското книжевно творештво. Само да спомнам еден дека Славко Јаневски, еден Петре М. Андреевски, еден Анте Поповски, еден Гане Тодоровски и т.н., да не ги редам, не добија поддршка од овој човек. Дали нивното творештво досега не кореспондира со македонските национални интереси во сферата на културата. Во таа Информација барем да се помести еден одговор на тоа прашање.

Охридското лето, како што можеме да прочитаме од многу оскудни информации, од медиумите пишани и електронски, доста ја редуцирано. Дали и тука навистина се работи за недостаток на пари.

Струшките Вечери на Поезијата се сведени само на протокол. Ако не е така, молам во Информацијата да се каже дека тоа не е така не стои, а ако е пак така кои се причините за таквиот однос према една манифестација, која што не легитимира како цивилизиран народ пред целиот свет.

Летната школа по Македонски јазик, Литература и Култура е следното прашање, за кое сметам дека заслужува третман во една ваква Информација.

(Негодување во салата).

Ве молам јас бев многу јасен, барам информација за состојбите во културата и ги лоцирам прашањето на кои во таа Информација треба да се даде одговор. Јас не барам сега одговор од Владата. Дали навистина се работи за поткрепување на корените на Македонскиот национален идентитет. Од обезличување на културата, токму тоа значи, во таква насока да се размислува, бидејќи ние не сме заинтересирани, она што не легитимира во Светот, да го поддржуваме.

Проблематизирањето на јазикот, литературата, мора исто така да најдат одговор, бидејќи самиот министер си ги одбра двајца почитувани господа, едниот најсериозен критичар на македонскиот литературен јазик, за помошник на потсекретар таму, а другиот за претседател на Издавачкиот совет и директор на една национална институција, кои што говорот за македонизмот како негативна категорија, кој што нема реално историско упориште и т.н. Дали министерот се согласува со сите тие констатации, ставови и погледи изнесени во јавноста и негирањето на Македонскиот јазик, особено жестоките напади на Блаже Конески.

И конечно ќе завршам. Во оваа Информација би било добро да се помести и одговор на прашањето за односот на политиката и културата.

Сето тоа што го кажав пред малку, мислам дека директно произлегува од жестокото наметнување на политиката на културата, а по мое длабоко уверување културата треба да биде жесток критичар на политиката. Од инволвирањето на политиката во културата, политиката во секој случај може да добие, меѓутоа културата катастрофално губи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас јасно констатирам г-дине Петковски, ова е пратеничко прашање.

Има збор претставникот на Владата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, би сакала да потсетам дека, со Македонскиот Устав има поделба на власта и ние не сме извршен совет во Собранието на РМ.

Факт е дека треба да се прави разлика меѓу пратенички прашања.

Г-динот Петковски тука постави неколку пратенички прашања и кога ќе имаме на дневен ред пратенички прашања, Владата ќе му даде соодветен одговор.

Би сакала да апелирам да не ја враќаме старата пракса, да се даваат политички оценки, особено од говорницата на Парламентот, на текстови или на ставови на македонски интелектуалци, кои што се изнесени во Печатот. Таа пракса и со Македонскиот Устав и со повеќе партискиот систем ние ја укинавме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е ставот на Владата?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Не прифаќаме ваква информација. Пратенички прашања вие поставивте.

Кога ќе има точка на дневен ред на пратенички прашања, тогаш ќе одговориме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-динот Никола Поповски има деловничко прашање.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, господа пратеници, почитувани министри, сосема е јасно дека Владата не е извршен орган на Собранието. Владата е автономен носител на една од властите на РМ.

Меѓутоа, немојте во деловнички не коректни толкувања на Уставот, да ја исфрлите можноста Собранието на РМ согласно Уставот, да извршува законодавна дејност и контролна улога врз извршната власт.

Г-динот Тито Петковски како пратеник на СДСМ, во овој случај побара информации за

состојбите во културата, со цел Собранието да ги извршува една од своите иманентни уставни надлежности, а тоа е да изврши контрола на извршната власт во политиката која ја води, во овој случај во сферата на културата.

Ваше право е да избегнете расправа и да кажете дека тоа не сакате да го подготвите за Собранието. Со тоа ни давате право или ние да подготвиме информација со заклучоци која ќе си ја поднесеме и ќе се најде на дневен ред, или да бараме преку интерпелација тоа да го направиме.

Меѓутоа ние одиме по онаа процедура која е најнормална, вие за вашата надлежност да подготвите информација врз основа на која ние ќе ја оствaруваме нашата контролна Функција. Ве молам, немојте легитимните и уставни барања на пратениците на СДСМ да ги нарекувате со некаков речник од старите времиња, затоа што се тие сосема согласно со Уставот и Ве молам немојте да се спротивставувате на вршењето на Собранието на својата контролна функција врз извршната власт. Барање на информација за сфера од надлежност на Владата пред Собранието, за сфери за кои ја овластува Владата со закон и со избор на министер на култура, е сосема легитимно барање во сферата на контрола на Собранието врз извршната власт.

Меѓутоа, тоа треба така да се соопшти, а не да правиме лавиринти низ кои ќе сведуваме дека е тоа извршен совет.

Се разбира г-дине потпретседателе, јас тоа го толкувам за сфера на деловничкото, меѓутоа и во сферата на политичкото дезавуирање на контролните функции на Собранието врз власта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, јас сакам да потсетам имам една обврска од Законот за култура.

Еве тука е заменикот министер, па да кажам ние како Собрание создадовме обврска на Владата, па дадовме таму на секои шест месеци Собранието да се информира до каде се стигнало со спроведувањето со Законот за култура, чии најсилни упоришта се токму овие програми, за кои што говорев.

Според тоа моето барање е сосема легитимно. Јас не барам одговор на пратенички прашања. Можев јас тоа и на минатата седница да го поставев, можам и писмено да го доставам до Владата. Јас само ги лоцирам пунктовите на кои треба да се темели една ваква информација, која убеден сум произлегува од обврските на Владата за спроведувањето на овој закон во живот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, да влезе некој материјал како точка на дневен ред во нередовна процедура, треба да се укаже од предлагачот на итност и штетност од негово одлагање.

Една информација која сака да се претстави пред Собранието, да влезе на дневен ред без оправдување зошто е прекуредна, зошто се тоа истакнува, јас го тоа оценувам како акт да го запре Собранието редовно и продуктивно да работи. господа, ваквите прашања јас кажав кога бевме во другата зграда, кога ќе ги водам седниците вакви прашања нема да имаат помин на дневен ред.

Затоа ве молам дека имате дајте писмено, дајте образложение, дајте издржаност зошто треба да оди во вонредна процедура.

Вие г-дине Петковски го водевте ова Собрание повеќе време. Дали не е така. Не прашувам за договор затоа што го знам, така е нема оправдување зошто го барате ова баш денеска да влезе како вонредна точка.

Затоа ќе го ставам предлогот на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас никогаш не сум го поставил прашањето додека бев претседател, дали некој има право да постави точка на дневен ред.

Тоа можете да го проверите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не ви оспорив за право.

Јас ви кажувам за процедурата.

Некое прашање да се стави како точка на дневен ред во нередовна процедура, мора да се каже за неговата итност и оправданост.

Затоа јас вашето прашање ќе го ставам на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, навистина мислам дека е крајно не коректно, да се прозивам за нешто за што вие имате добра можност тоа да го проверите.

За целиот период од две ипол години кога раководев со ова Собрание, никогаш не сум го поставил прашањето зошто некој предлага дополнување на дневниот ред со определена точка.

Тоа можете лично да го проверите во стенографските белешки.

Тоа е деловничко право за секој пратеник, а Владата во Деловникот пишува, кога предлага точка на дневен ред мора да ја образложи потребата од итност на донесувањето на тој Закон, а не пратеникот кога предлага дополнување точка на дневен ред, особено кога предлага информација да биде на дневен ред.

Според тоа, дајте обрнете малку внимание. Не треба многу труд да го прочитате Деловникот. Можеби ќе ви треба малку време да го научите, ама барем прочитајте го.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали ве ослободува обврската да ставите веродостојност на итност на прашањето. Не ве ослободува.

Според тоа го ставам вашиот предлог за информација, да влезе на дневен ред на денешната седница.

Вкупно гласале 72 пратеници. 18 пратеници гласање "за", 3 пратеници воздржани, 51 пратеник се против.

Според тоа овој предлог не е усвоен да влезе во дневниот ред на денешната седница.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, барам едно дополнување на дневниот ред со една точка, мислам дека треба да се усвои, затоа што во РМ имаме доста избеглици, а знаете дека меѓу нив има и доста Роми. Го знаете настанот со Ромите што настана и другите малтретирања околу Ромите.

Јас пред два месеци на Парламентот на 8 април, Светскиот ден на Ромите, кажав дека уште од почетокот имаше проблеми со Ромите и еве сега се докажа во Кампот во Стенковец. Знаете дека пред една недела имаше и какво малтретирање беше кога преку 10 или 15 илјади луѓе ги малтретираа. Тоа се загрозени фамилии. 17 до 18 илјади Роми има во РМ дојдени од Косово. Тоа малтретирање мислам дека е смилено за да не би можеле Ромите да се вратат назад.

Ве молам дали може оваа точка да се стави на дневен ред на оваа седница. Доколку не може барам Информација од Владата за да видиме дали тие луѓе ќе останат во РМ, дали ќе ги вратиме во Косово, со овие загрозени фамилии кои беа нападнати.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Владата ќе достави информација до пратеникот, за прашањето за кој изрази интерес.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Владата прифаќа за една од наредните седници да изготви ваква информација.

Сега имаме пријавено неколку пратеници со свои предлози, тоа се Ѓорѓи Котевски, Благој Ханџиски и Етеми Фатмир.

Еве тие не известуваат дека се откажуваат од дискусијата.

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани колеги, почитувани министри, предлагам за денешната седница да се стави на дневен ред Информација на Владата за економските состојби во РМ.

Предлагам и верувам дека оваа точка ќе се прифати, со оглед на тоа што економската состојба во РМ е посебно интересна, а според она што можам да го забележам врз економската состојба полага големи надежи позицијата, а опозицијата полага големи очекувања.

Со оглед на тоа што деловничка обврска е Владата да го запознае Парламентот со макроекономската политика. Со оглед на тоа што, претпоставувам дека го има направено, при концептирање на буџетската потрошувачка, а со оглед на тоа што се случуваат неповолни движења во областа на економијата, мислам дека крајно време е да продискутираме во овој Парламент околу состојбите во економијата и конструктивно да придонесеме за излез од оваа ситуација во која е македонската економија.

Само накратко ќе кажам еден пресек во каква состојба во моментот е македонската економија.

Обемот на индустриско производство во периодот јануари - април е опаднат за 12,4%, во однос на соодветниот период од 1998 година.

Притоа пад се забележува од 32 гранки кои се водат во статистиката кај 25 гранки. Тоа значи дека имаме крајно неповолна состојба во она што значи производен процес и ефекти од тој производен процес и мислам дека тоа сака соодветна анализа и сака предлози како да се надмине таквата ситуација.

Извозот на стоки во првите 4 месеци од тековната година е намален за 14,1%, при што увозот истовремено е намален за 22,1%. Мислам дека и тоа е дополнителен аргумент зошто треба да проговориме за состојбите во економијата во Република Македонија.

На многу пати имаме слушнато преку изјавите на членови на Влада, околу состојбата на платниот биланс, околу отворените позиции или како што некој од министрите ги нарекуваат кратери во платниот биланс и проблемите што можат дополнително да се појават и да бидат доста фатални за македонската економија, од овој аспект како една дадена ситуација, која има крајно неповолна состојба и од која треба да се излезе.

Околу платниот биланс беше проговорено и на една од претходните седници за ефектите од донаторската конференција, имавме прилика да слушнеме од претставници на Владата за ефектите од таа конференција на самата конференција, но во исто време имавме прилика да слушнеме како тие ефекти и со кое темпо се реализираат. Според она што беше кажано доста споро, а по многу и неизвесно, што навистина го отвара прашањето на платниот биланс и неговата отвореност до крајот на годината да биде едно од најактуелните во Република Македонија.

Во овој поглед една доста загрижувачка состојба од аспект на тоа што во првите четири месеци од оваа година, девизните депозити на економските субјекти кај банките се намалени за 71 милион долари, при што само во март и април намалувањето изнесува 54 милиони долари. Зборувам за девизните депозити кај банките. Ако на ова намалување се додаде и намалувањето на нето девизните резерви, кое во првите четири месеци изнесува 18,4 милиони долари, тогаш

доаѓаме до една висока бројка, која покажува дека по двата основи девизните резерви се намалени за близу 90 милиони долари, што е доста загрижувачки и што може да биде опасно по водењето на економската политика, ако дополнително не се најдат излезни решенија, дали во поглед на помошти или во поглед на фондови, како што беше спомнато, за да се надмине ваквата состојба. До душа тука во оваа бројка од 90-тина милиони имаме сервисирани обврски кои Македонија ги сервисира спрема заемодавателите, но сепак и заради тоа мислам дека актуелноста на оваа точка која ја барам е присутна да се стави на дневен ред, за да се проговори за таа точка.

Дополнително имаме влошување на состојбите во реалниот сектор, кои состојби имаат силен негативен одраз и врз банкарскиот систем од аспект на тоа дека станува збор за редуцирање на банкарските пасив преку контракција на активата, односно намалување на нивната кредитна експонираност. Тоа крајно резултира со каматна политика која е сега присутна во Република Македонија и која камата на годишно ниво изнесува 30% како цена на капиталот, што значи дека и овие субјекти, правни лица, кои како така работеа во изминатиов период сега се соочени со овој дополнителен проблем кој крајно е нивен трошок и кој ќе доведе до негативни одрази врз нивното тековно работење и постигнување на резултати од нивното работење.

Исто така имавме прилика да слушнеме дека има проблеми околу остварувањето на Буџетот и дека заради и тие проблеми имаме став на Министерството за финансии, најверојатно тоа е став и на Владата за намалување на платите линеарно 10% кај вработените во државната управа.

Во исто време бевме посматрачи во оваа прилика преку медиумите на изнесените констатации во врска со водените преговори со Меѓународниот монетарен фонд и за склучениот СИ-СИ-ЕФ-ЕФ аранжман, што е дополнителен аранжман, но за пролонгирање на контактите во наредниот период околу склучување на другите аранжмани.

Мислам дека во оваа прилика треба да се нагласи дека, беше погрешен приодот на Владата во концептирање на матрицата за преговори со ММФ, од аспект на инсистирање за склучување на одреден аранжман и од проста причина што се напушти склучување на ЕСАФ аранжманот и реализација на неговите дополнителни транши кои се над 50-тина милиони долари.

Ова го аргументирам со фактот дека ММФ завчера склучи договор со Република Албанија за ЕСАФ аранжман и притоа склучување изрази пофалби за водењето на економската политика во Република Албанија и за постигнатото ниво на реализација на економските реформи во стопанството на Република Албанија.

Склучувањето на СИ-СИ-ЕФ-ЕФ аранжманот, дали значи дека ММФ не ја поткрепува зацртаната макроекономска политика во Република Македонија или крајно кажано не стои зад таа политика.

Ако е така, тоа би било многу лошо, затоа што дури и реализацијата на крупните проекти во поглед на санирање на состојбите по завршувањето на војната логично оди преку овие меѓународни финансиски институции кои се наведени во Пактот, како субјекти преку кои треба да се реализира тој процес ако е вака, дали е така треба да слушнеме, би било доста неповолно и дополнително тешко за стопанството во Македонија.

Мислам дека ова кратко образложение што го дадов во поткрепа на предлогот за изработка на ваква информација, е доволно за да се изјасниме за поддршка на овој предлог, бидејќи тој предлог ќе ни ја отвори можноста опширно да дискутираме за овие тези кои ги нафрлив и во исто време да дадеме соодветни предлози и ние како опозиција како во одредени сфери треба да се води економската политика.

Во очекување на поддршка, благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине министер.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господа, јас се научив по малку економија сега за Меѓународниот монетарен фонд од предавањата кои ги имавме за ММФ, за економската политика во Македонија, меѓутоа, бидејќи е пре сериозно прашањето уште по сериозно од она што го постави господинот пратеник, а за тоа треба да има писмени информации, со оглед на тоа што ние пред Владата веќе имаме на наредна седница разгледување на овој проблем, на наредната седница на Собранието ќе добиете писмена информација за онаа состојба која ја барате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господинот пратеник е задоволен.

Ќе ви соопштам една работа, верувајте ми дека од оваа страна многу тешко се слуша тој што говори.

Во голем процент не го слушаме говорникот што говори.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Извинете што не слушавте, јас сум задоволен од одговорот на министерот, се согласувам, со оглед на тоа што Владата предлага точки на дневен ред на Собранието ваква информација да се стави на наредната седница.

Му благодарам на министерот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Јас порано бев пријавена слушајќи ги говорите на членовите од опозицијата, меѓутоа,

нема да биде лошо да земам збор и да го кажам своето мислење.

Најпрвин ги поздравувам претставниците од Владата....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓа Марика ако се однесува до точка која не е ставена на дневен ред....

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Не е точка, ова е процедурално и се однесува на работењето на Собранието како пратеници, сметам дека слушајќи ги претходните предлози за дневен ред кои не беа само предлози, туку беа формулирани во вид на убави маркетинг политички говори, од повеќе минути добив впечаток дека станува збор за добро подготвено сценарио од страна на опозицијата, со цел да укаже односно да ја каже својата наводна заинтересираност, загриженост за низа состојби во државата, опфаќајќи ги овде стратешките и политичките цели на нашата држава, на нашата Влада опфаќајќи ги овде сферите од економијата, културата и т.н.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓа Марика не е на дневен ред, важи и за позиција и за опозиција, ве молам ако е процедурално кажете инаку оставете право е на опозицијата да прави сценарија и да работи.

**МАРИКА ЈОРДАН0ВА:**

Процедурално во иднина да се држиме за државните интереси, да не ја узурпираме говорницата и да правиме политички маркетинг и интереси.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас би замолил да не ни се држат лекции од демократија, затоа што во последните 20 дена нема седница на Парламент кога имаше такви битни случувања околу Македонија, во Македонија за која зборуваше и нашиот претседател, односно шефот на Пратеничката група, а многу е важно на пример (чита од дневниот ред) Закон за ратификација за заштита на лилјаците во Европа.

Значи, многу важен закон. Тоа се става како точка на дневен ред, а ние имаме појава на УЧК, како што кажа министерот за внатрешни работи. Имавме гранатираше на територија на Република Македонија, имавме паѓање на тела од непознато потекло врз територија на Република Македонија. Не знаевме што е договарано со НАТО. Сето тоа се случуваше, а немаше седница на македонскиот Парламент и да не ве чуди што ние како пратеници кои имаме обврски спрема нашите граѓани, бараме за некои теми да се разговара во овој Парламент, а не за заштита на лилјаците во Република Македонија.

Еве предлагам вие земете ја заштитата на лилјаците во Македонија, а ние ќе се грижиме за другите теми. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, верувајте денес сум разочаран од седницата.

Јас прифаќам секое демократско право и на позиција и на опозиција да се произнесе во овој Парламент и кога се утврдува дневниот ред да се постави некое прашање за да влезе на дневниот ред.

Меѓутоа, ова Собрание работи веќе 9 години и тоа работи врз основа на стар деловник за работа. Таму е кажано како се влегува, односно како едно прашање влегува во собраниска процедура. Во ова Собрание имаме релевантни комисии, имаме релевантна опозиција и порано и сега. Таа опозиција, бидејќи Парламентот не работел според нивните наоди, извесен период можеше Пратеничката група ако е толку сериозна, ако е толку одговорна, ако е толку загрижена за односите во Република Македонија, за судбината на националните, државните интереси на Република Македонија, не можам да замислам каков преседан правите. Дали може такво сериозно прашање да го поставувате ад хок на говорница.

Прво, не ставате во мат позиција нас како пратеници, без разлика дали се наоѓаме во позиција во овој Парламент. Јас немам пред мене релевантен материјал, од кој материјал ќе видам кои се релевантните показатели до едната и од другата страна, имаме институции во оваа држава, имаме извршна власт, имаме органи кои ќе ни дадат точни податоци, а можете да користите и вие по било кои канали да можам јас да направам споредба и да го кажам моето релевантно мислење за таа точка на дневен ред. Меѓутоа, вакви сериозни прашања, ваква сериозна опозиција која 6 години владееше, вакви личности како господинот Тито Петковски, Бранко Црвенковски, Китановски, Поповски, ве молам сосема е не одговорно и надвор од деловникот за работа на ова Собрание.

Ве молам, доколку сакате навистина да работиме запазете ја таа собраниска процедура нека работат тие собраниски комисии и да можеме, па дури и на пред самата седница, ние имаме служби во ова Собрание, она што мислевте да го дадете како образложение, ќе го имавме на самите клупи, ќе можевме нешто да видиме и да отвориме материјална расправа во ова Собрание. Инаку, вака, навистина е контрапродуктивно и верувајте јас бев во првиот Парламент, во оваа здание кога влегувам, влегувам со сиот респект и со сета гордост на оваа самостојна Македонска држава. Но, верувајте ми, ми се грози кога народот не гледа и за вакви работи не разговараме сериозно. Повторно народот ни се смее, а ние треба да бидеме духот на народот, слухот на

народот, достоинството и ние сме одбраниците кои треба да го претставуваме тој народ.

Верувајте, самите си ја сечеме гранката на која што седиме. Затоа, во сите сегменти треба да бидеме достоинствени. Не го зборувам ова заради маркетинг, ниту ми треба воопшто во мојот живот, меѓутоа, сфатете дека сериозна држава, сериозен Парламент, законодавен дом треба да има една голема висина. Па, дури ако сакате не само по говорот и насилништвото овде, туку и на начинот на облекување што го правиме овде и на однесување во овој Парламент.

Се извинувам ако се почувствувавте навредени од моето деловничко интервенирање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г. Котевски.

Господа, само едно, како не наравоучение, туку она по кое работиме од 1999 година, Деловникот кој го применува секој пратеник може на седница да предложи на дневен ред на таа седница да стави одредено прашање.

Тука е запирка и продолжува, но е должен да Ви ја образложи итноста на тој предлог.

Од сите досега што ги говоревме, говореа затоа што се работи за многу сериозни работи, кои сакаат студиозно пристапување, аналитика, синтетика и се, а бараме на оваа седница дали оваа работа не е само на себе противречна.

Затоа, јас говорам дека се работи за пратенички прашања, кои немаат ни итност ни причина да не се расправаме. Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор за денешната седница предлагам да го утврдиме следниот дневен ред:

(Прилог).

- Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Информација за односите и соработката на Република Македонија со НАТО;

2. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа по Договорот за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија, заради поттикнување на вработеноста, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на миграторните видови диви животни, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за заштита на лилјаците во Европа, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари;

6. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Републиката за 1998 година;

7. Предлог на одлука за основање на Национална комисија за борба против недозволената трговија со опојни дроги и нивна злоупотреба во Република Македонија;

8. Барање за давање на автентично толкување на член 54 од Законот за локалните избори, поднесен од Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија;

9. Барање за давање на автентично толкување на член 12 од Законот за банки и штедилници, поднесено од Народна банка на Република Македонија;

10. Барање за давање на автентично толкување на член 87 став 2 од Законот за семејството, поднесено од министерот за труд и социјална политика;

11. Предлог за избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

12. Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје;

13. Предлог за разрешување и избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар;

14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки;

15. Предлог на одлука за надоместок на трошоците за избор на пратеници на организаторите на изборната кампања, чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија;

16. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховен суд на Република Македонија;

17. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола;

18. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Битола;

19. Предлог на одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување Предлог за именување декан на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје;

20. Предлог на одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување Предлог за именување декан на Техничкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола;

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струмица;

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната

здравствена организација Здравствен дом - "Пехчево";

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - "Берово";

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево;

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "9-ти Ноември" - Велес;

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември" - Дебар;

27. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје;

28. Предлог на одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола;

29. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за учители и воспитувачи - Битола;

30. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола;

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Струмица;

32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природни лекувалишта "Бања Банско" - Струмица;

33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Д-р Русе Бошковски" - Ростуше;

35. Предлог на одлука за утврдување на Националната комисија за борба против недозволена трговија со опојни дроги и нивна злоупотреба во Република Македонија.

Дали има некој предлог за измени и дополнување на вака предложениот дневен ред?

За збор се јави пратеникот Љатиф Пајковски.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, точката 34 предложена од Комисијата за избор и именувања со која што ни се предлага избор на членови во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "д-р Русе Бошковски" - Ростуше.

Предлагам Комисијата оваа точка да ја повлече од дневниот ред, затоа што вообичаено, особено кога се работи за прашања од западниот дел на Република Македонија и особено кога се работи за единствената Јавна здравствена организација која што се наоѓа во ридско планинско и неразвиено и погранично подрачје, за чија работа во голема мерка активноста и присуството на пратеникот значи многу во листата која што ни се предлага, тука не е ставен пратеникот, така што предлагам оваа точка да се повлече. Комисијата уште еднаш да ги има предвид сите овие мои укажувања, со една единствена цел во секој случај пратеникот да даде свој придонес за развој на единствената Јавна здравствена установа во општините Ростуше и Маврово. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го повикувам претседателот на Комисијата да земе збор.

Слушам дека тоа е повлечено од дневен ред и затоа нема што да расправаме.

За збор се јави пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, по однос на точката за Управниот одбор на Техничкиот факултет и за Факултетот за учители, овде не го имам бројот, бидејќи не ги содржи тие точки ова што е ставено на масата, јас би имал барање до претседателот на Комисијата, веројатно, е направен некаков пропуст и тука немаме членови од Демократската алтернатива во Битола во овие управни одбори. Веројатно, настана некое недоразбирање, воопшто не сме консултирани и ако можеме тоа да го корегираме.

Затоа, барам да се повлечат овие двете точки, за Техничкиот факултет и за Факултетот за учители и воспитувачи од Битола. Бидејќи, овде нема број на точката во овој материјал што јас го имав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г. Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, членови на Влада.

Во работата на Комисијата учествуваат претставници, односно членови од сите политички партии што се во овој Парламент, така што има претставник од коалициониот партнер, односно од Демократска алтернатива. Сите овие предлози се поминати на Комисијата, изгласани од сите присутни на таа седница, така што не гледам причина за повлекување на оваа точка од дневниот ред. Ставот на Комисијата е тој како што е даден во предлогот на дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на пратеникот го ставам на гласање?

10 сек. да се изјасниме кој е за или кој е против?

Предлогот е да се симнат од дневен ред предложените точки од пратеникот.

Гласале 62 пратеници, од кои 22 за, 2 воздржани и 38 против.

Значи, предлогот на пратеникот не е прифатен.

За збор се јави пратеникот Панде Томов.

**ПАНДЕ ТОМОВ:**

Предлагам точката избор на членови на Управен одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Струмица, како и Заводот за здравствена заштита - Струмица, исто и Природно лекувалиште "Бања Банско" – Струмица, да биде повлечено од дневен ред, бидејќи овие центри вршат услуга на граѓаните пошироко на целокупната територија, а во управните одбори не се воопшто застапени членови од другите општини, освен од општина Струмица.

Според тоа, заради поправилна застапеност, односно заради можност на сите граѓани да учествуваат во управувањето на тие институции, предлагам, да бидат повлечени до Комисијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

За жал, ќе морам да го повторам претходниот исказ дека, исто така, од партијата ВМРО-ДПМНЕ има 6 члена во Комисијата за избори и именување, кои своето мислење го дале преку својот глас, така што не можам да ја повлечам сугестијата на пратеникот, не ја прифаќам и не ја повлекувам оваа точка од дневен ред.

Нека се изјаснат пратениците.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја повикувам техниката да го стави предлогот на пратеникот на гласање.

Меѓувреме слушам дека господинот пратеник тоа го повлекува.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Штом е повлечено, нема што да расправаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Според тоа, дневниот ред го ставам на гласање.

Десет сек., Ве молам, кој е за или против.

Да се разбереме, дневниот ред кој е предложен, го ставам на гласање.

Ве молам во рок од 10 сек. да се изјасните.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 64 пратеници гласале за, 1 бил воздржан и тројца гласале против.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Колеги пратеници, бидејќи Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за надворешна политика по точка 1 се немаше состанато, поради недоволен број на пратеници, ја прекинувам седницата за еден час, во кој двете комисии да имаат време да се состанат, а потоа да се произнесат.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Додека заседава комисијата, барам од службите да го умножат дневниот ред, бидејќи е значително проширен, за да можеме да ја следиме целата работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, тоа се прифаќа.

Седницата се прекинува за еден час.

(Пауза од 14,10 до 15,10 часот). (По пауза).

Седницата продолжи со работа во 15,15 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поради зафатеност и повеќе обемна работа што претстои пред комисиите, извештаите се уште не се готови.

Па, би било пожелно за уште 10 мин. да почекаме, како би можеле да ги добиеме извештаите и со истите да се запознаеме.

(Со седницата продолжи да раководи г. д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Можеме нешто и да се договориме.

Со оглед на фактот што се уште не е умножен материјалот и укажувањето дека до 18,00 часот пратеничката група на СДСМ има обврски и треба да замине.

Министерот, исто така, во 18,00 часот треба да замине.

Денеска е и прослава на деветгодишнината на ВМРО-ДПМНЕ и тие некаде околу 18,30 часот ќе заминат.

Дали ние можеме џентлменски да се договориме да ја продолжиме оваа седница утре во 11,00 часот. И во тој случај да продолжиме со работа.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот).